**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
**СКОПЈЕ**
Бул. Гоце Делчев бр. 9А 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401,

Бр. 08-2383/1
20-11-2025

Скопје

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование, член 53 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научните, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и член 114 од Законот за високото образование, Деканот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, распишува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**

За избор на двајца демонстратори за едногодишната кратка стручна студиска програма по англиски јазик за странски студенти по предметот:

- Англиски јазик (А1 ниво) (0+5)

Кандидатот за демонстратор треба да ги исполнува општите услови утврдени со Законот за високото образование (Сл. Весник бр.82/2018 и Сл. Весник на РСМ бр. 178/2021 и бр. 58/2024) и посебните услови утврдени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручнти и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411).

Кон пријавата кандидатот треба да достави:

- биографија;
- доказ дека е студент на втор или на трет циклус студии;
- уверение за завршен прв циклус студии со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум);

Пријавата и прилозите кон неа се поднесуваат во 4 (четири) примероци во Архивата на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во рок од 5 дена од објавувањето на огласот.

Демонстраторите учествуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определени со распоредот на работни задачи за тековната учебна година, односно семестар.

Факултетот и демонстраторот склучуваат договор со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски.

Ненавремените и некомплетни документи нема да се земат предвид за разгледување.

ДЕКАН
на Филолошкиот факултет

проф. д-р Владимир Мартиновски